Врз основа на член 36 став 1 точка 15 а во врска со член 22 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и “Сл.весник на РСМ” бр.202/24) и член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово (“Службен гласник на Општина Берово” бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/149, 47/24, 30/23 и 5/25) и Одлуката на Локалното собрание за млади, за избор на членови на Локалниот младински совет на општина Берово со бр.08-468/5 од 13.05.2026 година, Советот на Општина Берово на 11-тата седница одржана на 14.05.2026 година, донесе:

# РЕШЕНИЕ
## за формирање Локален Совет за млади на Општина Берово

1.Се формира Локален Совет за млади на Општина Берово, во состав:

1. Иван Стојановски - член,
2. Ана Шоповска - член,
3. Евгенија Тушевска - член,
4. Павел Монев – член и
5. Лилјана Ајтовска – член.

2. Претседателот на Советот го избираат членовите на Советот.

3.Советот за својата работа донесува деловник.

4. Програмски задачи на „Локалниот совет на млади “ за подрачјето на Општина Берово се:

- Остварување на поширок општествен интерес на младите;
- Подобрување на положбата на младите во општината;
- Застапување на младите;
- Учество и вклучување во креирањето на младинските политики;
- Вмрежување и претставување на младите од Берово на регионално, национално и меѓународно ниво;
- Информирање на младите луѓе за прашања од нивен интерес и зајакнување на меѓуинституционалната и меѓусекторската соработка во работата со млади;
- Советодавна и консултативна улога во процесот на селектирање на проекти и програми од интерес за младите од општината и локалните институции;
- Испитување и согледување на проблемите и потребите на младите;
- Воспоставување на соработка и кординација со органите и телата на други нивоа на власт, а посебно со телата кои ги третираат малдите;
- Зајакнување на капацитетот на членовите и квалитетот на нивната работа како и подршка за младинско организирање и учество;

5. Оперативни задачи на „Локалниот совет на млади’’ за подрачјето на Општина Берово се:

- Предлагање на конкретни предлози до Советот на Општина Берово и институциите кои директно и индиректно се поврзани со младите во Берово, со цел подобрување на состојбата на младите во обласите дефинирани со Локалната младинска стратегија;

- Советување на општинската администрација и Совет по прашања важни за целокупниот развој на општината, со посебен акцент на младите;
- Давање препораки за спроведување на активности од страна на локалната власт, здруженијата и младинските организации, утврдени на основа на анализа на проблемите и потребите на младите;
- Изготвување на редовни извештаи, препораки и заклучоци во приоритетните области на кои ќе се фокусира локалниот младински совет;
- Формирање на работни групи по области и приоритети, за потемелно и поефикасно истражување на потребите на младите;
- Организирање на трибини, дебати, фокус групи и консултации;

6. Мандатот на членовите на Советот е четири години.

7. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Берово".

Бр.09-2090/1
14.05.2026 година
Б е р о в о

Совет на Општина Берово
Претседател
Владко Шахпаски